**ЗАПИСНИК ОД ПРВАТА БАЛКАНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕДИЈАТРИ**
**одржана на 14.04.2010 година**

Присутни на состанокот:

| | | |
|---|---|---|
| Dr. Ivan Vidmar | - | Словенија |
| Dr. Laszlo Szabo | - | Унгарија |
| Dr. Julije Mestrovic | - | Хрватска |
| Dr. Tudor Pop | - | Романија |
| Dr. Haluk Cokugras | - | Турција |
| Dr. Ruzina Kuli-Lito | - | Албанија |
| Dr.Andreas Konstantinopulos | - | Грција (Претседател на Унијата на педијатриските здруженија на Европа) |
| Dr. Evgenij Genev | - | Бугарија |
| Dr. Ramuc Beqiji | - | Косово |
| Dr. Olivera Miljanovic | - | Црна Гора |
| Dr. Zeljko Rocevic | - | Босна и Херцеговина |
| Dr. Ljupco Nikolovski | - | Македонија |

1. Воведен збор на состанокот даде проф. Николовски, како домаќин, посакувајќи им на сите Претседатели и членови на националните здруженија добредојде и благодарност за нивното присуство, како и на сите гости. Укажа деца цел на овој состанок е да се оформи Балканско здружение на педијатрите. Проф. Николовски ги пренесе поздравите од претседателот на Здружението на педијатрите на Русија и потптреседателот на Унијата на педијатриските здруженија на Европа – проф. Баранов до Првиот иницијативен состанок за формирање на Балканското здружение на педијатрите, а со тоа и обидот да се решат проблемите во грижата на здравјето на децата во овој регион. Исто така го пренесе и извинувањето на претседателот на Здружението на педијатрите на Србија, поради неприсуство на состанокот од оправдани причини, но, со поддршка на сите решенија кои ќе се донесат на овој состанок.
2. Прв излагач во име на Унијата на педијатриските здруженија на Европа и на Европската педијатриска асоцијација (EPA/UNEPSA) е нејзиниот претседател dr. Andreas Konstantinopulos.Тој ја претстави историјата на EPA/UNEPSA од 1975 се до 2009 година, нејзините задачи, цели и активности. Укажа на напредокот на EPA/UNEPSA и обезбедувањето на континуираната медицинска едукација, обезбедувањето на динамична и активна контакт мрежа. EPA/UNEPSA ја сочинуваат 170.000 педијатри од 38 европски земји.
3. Следно излагање имаше dr. Manuel Katz од Израел кој истакна предлог да двете големи здруженија: EAP (Европска академија по педијатрија) и EPA/UNEPSA се здружат пред се поради многуте сличности и блиски полиња на дејствување. Неговото предавање беше симболично насловено во тој смер: EAP и EPA/UNEPSA под заеднички чадор. Тој ги елаборираше областите на дејствување на секое здружение посебно и предложи до 2015 година да се здружат во едно. Во излагањето е предложен заклучок да педијатрите се грижат за децата од раѓање до возраст од 25 години, а особено е интересен заклучокот дека општиот лекар кој сега се преферира како семеен лекар воопшто не е поевтин од педијатарот.

4. Претседателката на Здружението на педијатрите на Црна Гора ја прикажа состојбата на педијатриската служба во Црна Гора, која е држава со површина од 13.812 $km^2$, во која живеат 640.000 жители од кои 155.000 деца, за чие здравје се грижат 151 педијатар. Специјализацијата по педијатрија трае четири години. Се следат препораките на Светската здравствена организација од програмата „Здравје за сите до 21 век"
5. Dr. JulijeMestrovic како Претседаел на здружението на педијатри на Хрватска ја прикажа состојбата со педијатриската служба во Хрватска: наталитет од 9/1000, морталитет од 11/1000, перинатален морталитет од 4/1000 и морталитет на деца под 5 години од 4/1000. Изнесе дека до 1990 година во примарната здравствена заштита со деца работеле само педијатри, дека сега повеќе нема лекари по школска медицина. Во Хрватска има вкупно 606 педијатри, т.е. 1339 деца на 1 педијатар. Во однос на полот повеќе се жени, а по однос на возраста од 25 до 34 години има 12 педијатри, од 35 до 44 години има 128 педијатри, од 45 до 54 години има 232 педијатри, од 55 до 64 години има 201 педијатар, а над 65 години има 33 педијатри. Просечна возраст на педијатрите во примарна здравствена заштита во Хрватска е 53.8 години, а во болниците 49.8 години. Новата програма за специјализација по педијатрија е во траење од 5 години. Покрај Здружението на педијатрите на Хрватска, постојат уште 10 Здруженија и секции на супспецијалисти. Имаат и свое списание: SIGNA VITAE.
6. Претставникот на Косово прикажа млада нација во неговата држава со 25.679 раѓања во 2009 година, 701.580 деца на возраст од 0-18 години и стапка на смртност од 10,48 %. До 30.12.2009 година има регистрирано 252 педијатри. Организацијата на педијатриската служба е на примарно, секундарно и терцијарно ниво, а едукацијата се одвива по програма на Royal Paediatric College од Англија.
7. Претставникот од Босна и Херцеговина ја претстави својата покана за учество на Педијатрискиот конгрес во Неум од 30.09 до 02.10.2010 година.

По овој прв дел следеше пауза.

Вториот дел од состанокот започна со гласање за формирање на Балканската педијатриска асоцијација. Притоа Dr. Constantinopulos уште на самиот почеток ги изнесе сите проблеми при организацијата од правен и финансиски аспект, особено во однос на регистрацијата на истото. Притоа беше предложено да финансискиот аспект на регистрацијата го преземе Здружението на педијатрите на Турција, како големо и богато Здружение.

Името на новото Здружение е изгласано како „Balkan Association of Pediatrics". Претставниците од Бугарија се сложија со кратенката BAP (Balkan Association of Pediatritics), која како кратенка е идентична со Бугарското здружение на педијатрите.

За прв претседател на Здружението беше избран Dr. HalukCokugras, а за негов заменик (elected president) проф. Љупчо Николовски, кој по две години ќе стане претседател на Балканската асоцијација на педијатрите. За генерален секретар е изгласан Dr. Tudor Pop, за благајник Dr.ZeljkoRoncevic.

*Скопје, 14.04.2010*

*записничар:*
*прим. д-р. Соња Петровска*